Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Архивски број: 21-3530/3 -2017

Дата: 22. 01. 2018

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**ДО :** Сектор за ЕУ
-тука-

**ПРЕДМЕТ:** Достава на Решение за издавање на согласност за спроведување на проект - "Воспоствување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион"

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Решение за издавање на согласност за спроведување на проект - "Воспоствување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион", за потребите на Министерство за животна средина и просторно планирање во рамките на ИПА проектот: "Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион" реф. бр. EuropeAid/136347/IH/SER/MK

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Златко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: в.д. Директор на Управа за животна средина
Билјана Зефиќ

Buy VueScan now! www.hamrick.com
Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-3530/3 од 22. 01. 2018 година
Скопје

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проект "Воспоствување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион", за потребите на Министерство за животна средина и просторно планирање во рамките на ИПА проектот: "Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион" реф. бр. EuropeAid/136347/IH/SER/MK.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот – "Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион ", ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина,програма за еколошки мониторинг и план за вонредни состојби.

3. Министерството за животна средина и просторно планирање, му предлага на инвеститорот при изградбата на Централната постројка за управување со отпад заради заштита на почвата и подземните води да изведе заштита на севкупната површина на истото. Заштитата да се изведе со: Поставување на глина или вештачка глина на база на натриум; поставување на геомембрана и поставување на геотекстил;
Со цел исполнување на барањата кои произлегуваат од позитивните законски прописи за заштита на животната средина и најдобро достапните техники, за обезбедување заштита на подземните води и почвата од негативното влијание на депонијата, се предвидува материјали со кои ќе се изврши заштита на почвата и подземните води да ги задоволуваат подолунаведените параметри за квалитет на вградените материјали со што во целост ќе бидат задоволени барањата при понатамошната постапка за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

Материјалите кои треба да бидат вградени ќе ги исполнуваат следниве параметри за квалитет:

А).Поставување на глина со минимална дебелина од 1 м како и исполнување на условите од Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат депониите дадени во прилогот дел за минерален слој или вештачка глина во прашина на база на натриум со следниве карактеристики ; Минимална тежина од 4500г/м², Содржина на вода ≤ 10% од вкупната тежина, Сертификат дека составот е на база на Na, Сертификат дека е во форма на прашина, а не е во гранулација, Сертификат за водонепропустност на преклопите, Сертификат за статичка јачина на пробивање ( >1900 N ), Сертификат за максимална јачина на затегнување (> 10 kN/м ) и Сертификат за отпорност на хемикалии.

Б).Геомембрана со рапава површина (со боцки) произведена со процес на екструдирање при што во исто време при производството на геомембраната се врши екструдирање и на боцките.Геомембраната треба да ги задоволува следните технички карактеристики:Минимална дебелина 2 ≥ мм, Висина на игли ≥ 8 мм, ХДПЕ (полиетилен) со висока густина, Сертификат за отпорност на хемикалии, Сертификат дека е произведена со процес на екструдирање, Сертификат дека е произведена од нерециклиран материјал, Сертификат за компатибилност и стабилност за однесувањето на контактната површина помеѓу вештачката глина и геомембраната, Сертификат за време на индукцијата на оксидација (OIT), (≥ 100/минута), Сертификат за забележано константно оптеретување на затегнување (NCTL тест), ( ≥500/час ), Сертификат за растегливост ( % на растегливост ) >8% во сите правци, Сертификат за отпорност на кинење ( > 220 N ), Сертификат за отпорност од пробивање (> 5000 N ) и Сертификат за потврда на дебелината на геомембраната (максимално дозволено одстапување 5%, а препорачливо да нема вакво отстапување во дебелината).

В).Геотекстил кој треба да ги задоволува следните карактеристики: Минимална тежина 1000г/м², Сертификат за отпорност на хемикалии, Дебелина на геотекстилот ( ≥ 7 мм ), Максимална влечна сила (50-80 kN/м ), Сертификат за сила на пробивање ( >10 000 N , Сертификат за поместување при статичка сила на пробивање (50мм), Сертификат за пропустливост на вода ( >15 L/(m²/s) ) и Состав PP (полипропилен) бел нерециклиран

Г). Дренажен слој за собирање на исцедок со минимална дебелина од 50 см и коефициент на водопропустливост K≤1.0 h10-4 m/sek, како и условите дадени во Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат депониите дадени во прилогот дел за Систем за собирање на исцедок или вештачки материјал за дренажа (геотекстил- јадро-геотекстил) кој треба да ги задоволува следниве услови: Дебелина на материјалот ≥10 мм, Вкупна тежина на материјалот 800г/м², Сертификат за сила на пробивност ≥ 3.5 KN, Сертификат за максимална влечна сила (≥ 20/20

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

kN/м), Сертификат за растегливост ( % на растегливост ) ≥ 45%, Состав на слојот од геотекстилотPP (полипропилен) бел нерециклиран, Минимална тежина ≥150г/м², Дебелина на слојот од геотекстилот ≥ 2мм, Пропустливост на вода на геотекстилот ≥ 90 л/см², состав на јадрото полипропилен црн

Д). Геотекстил кој треба да ги задоволува следните карактеристики: Минимална тежина 300г/м², Сертификат за отпорност на хемикалии, Дебелина на геотекстилот ( ≥ 1.5 мм ),Максимална влечна сила 20 kN/м, Сертификат за сила на пробивање (≥4 000 N ), Сертификат за поместување при статичка сила на пробивање (≥45 мм), Сертификат за пропустливост на вода ( >45 L/(m²/сек) ) и Состав PP (полипропилен) бел нерециклиран.

За сите погоре наведени услови на материјалите да се достави атест за истите издаден од независна акредитирана лабораторија со кој се докажува вердостојноста на декларираните карактеристики на материјалите. За сите материјали да се достави фабричка декларација дека тие се производители на посочените материјали.
До колку се набават материјали од две или повеќе фабрики во тој случај да се достави атест за компатибилноста на материјалите издаден исто така од независна акредитирана лабораторија.
При вградувањето на материјалите кои имаат функција на заштита на подземните и површински води како и почвата од изведувачот да се бара да поседува (DVS сертфикат) издаден од релевантна институција со која се потврдува острученоста за поставувањето на соодветните материјали.
До колку инвеститорот се одлучи да вградува природна геолошка подлога согласно Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат депониите дадени во прилогот дел за минерален слој за истиот материјал да достави соодветна анализа од независна акредитирана лабараторија.
Истите услови ќе важат и во случај кога за дренажен слој се користат природни материјали согласно со Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат депониите дадени во прилогот дел за Систем за собирање на исцедок.
Со цел обезбедување на независна и квалитетна сертификација на материјалите во согласност со горенаведените барања инвеститорот да користи услуги на независна акредитирана лабораторија.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

*Образложение*

Инвеститорот Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 20.11.2017 година со број 21-3430/5 ја достави дополнетата Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проект - "Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион", Студијата е изработена "ENVIROPLAN S.A" во конзорциум со партнерите со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Анета Китевска како одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина и експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина. Во Пелагониски регион се предвидува изградба на две претоварни станици. Проектот за локалните постојки за управување со отпад се однесува за изградба на претоварни станици за цврст отпад кои ќе се користат како привремени станици за транспорт на отпад до поодалечените постојки за третман и одлагање на отпадот. Општините во кои ќе бидат изградени претоварните станици во Пелагониски регион се следните: Претоварна станица во Ресен каде ќе се опслужува општина Ресен и Претоварна станица во Крушево каде ќе се опслужуваат општините Крушево, Кривогаштани, Долнени и Демир Хисар. Општините Битола, Прилеп, Могила и Новаци дирекно својот отпад ќе го носат во ЦПУО. Со проектот се предвидува изградба на централна постројка за управување со отпад која е предвидено да се наоѓа во општина Новаци.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: површински и подземни води, почва и геологија, воздух и клима, луѓе-општествена средина, фауна и флора, пејсаж, културно наследство и материјални средства. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза и план за вонредни состојби, Мерки за ублажување, изготвен е и План за управување со животната средина и програма за еколошки мониторинг од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) се одржаа две јавни расправи по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот – "Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион". Се одржаа две јавни расправи и тоа на ден 25.07.2017 година во Општина Новаци со почеток во 12 часот и на ден 26.07.2017 година во општина Крушево со почеток во 10 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот – "Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион", формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Воспоставување на систем за интегрирано управување со отпад во Пелагониски регион" ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина.

Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: в.д. Директор на Управа за животна средина
Билјана Зефиќ

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com